**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 05.06.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2741 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2017 до 31.12 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 05.06.2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (телевизиските радиодифузери кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво, тогаш кога е изводливо и со соодветни средства треба да обезбедат најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела при што не се смета времето одвоено за вести, спортски настани, игри, рекламирање, телетекст и телешопинг услуги).

- **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на државно ниво, е констатирано дека во текот на 2017 година, ја исполни обврската од член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела.

Од доставениот Образец за европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти (наш број 03-1906/1 од 12.04.2018 година), беше констатирано дека Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, во текот на 2017 година, има емитувано **76.34%** европски аудиовизуелни дела.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***